Влада на Република Македонија

# АКЦИОНЕН ПЛАН

# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – 2003 ГОДИНА

Скопје, јуни 2003 година

# СОДРЖИНА

Листа на кратенки и ознаки ........ 2
ВОВЕД ........ 5
Методолошки пристап ........ 6
МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ........ 7
ПОЛИТИЧКА СОСТОЈБА ........ 7
ЕКОНОМСКА СОСТОЈБА ........ 15
СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА ........ 17
Услови и ризици за имплементација на Акциониот план ........ 27
Механизам на следење на имплементацијата ........ 27
Информирање ........ 28
Список на прилози ........ 29

## Листа на кратенки и ознаки

***Кратенки***

| | |
|---|---|
| АДС | Агенција за државни службеници |
| АП | Акционен план |
| АПр | Агенција за приватизација |
| ОПД | Оперативна програма за децентрализација на власта 2003/2004 |
| БМ | Биро за метрологија |
| БИС | Биро за индустриска сопственост |
| ВРЛ | Времено раселени лица |
| ВРМ | Влада на Република Македонија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДЗР | Државен Завод за ревизија |
| ДППРК | Државна програма за превенција и репресија на корупцијата |
| DFID | Department fund for international development |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕП | Европски парламент |
| ЕУ | Европска Унија |
| GTZ | Германско друштво за техничка соработка |
| ГС | Генерален секретаријат |
| ЗВ | Завод за вработување |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците за локална самоуправа на Република Македонија |
| CARDS | Помош од ЕК за реконструкција, развој и стабилизација |
| ИА | Институт за акредитација |
| ИГУ | Интегрирано гранично управување |
| ИС | Институт за стандардизација |
| ИТ | Интернационална технологија |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МК | Министерство за култура |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| ММФ | Меѓународен монетарон фонд |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МО | Министерство за одбрана |
| МП | Министерство за правда |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |

| | |
|---|---|
| МФ | Министерство за финансии |
| НБМ | Народна банка на Македонија |
| НВО | Невладини организации |
| НП | Народен правобранител |
| НПУЗ | Национална програма за усогласување на законодавството |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОЕУ | Област за односи со Европската Унија |
| ПРМ | Претседател на Република Македонија |
| ПСА | Процес за стабилизација и асоцијација |
| PSAL | Public Sector Adjustment Loan |
| ПИ | План за имплементација |
| ПУЗ | Поткомитет за усогласување на законодавството |
| РД | Рамковен договор |
| РКЕИ | Работен комитет за европска интеграција |
| РМ | Република Македонија |
| САП | Софтвер - Систем за сметководство |
| СВБК | Стратегија на Владата за борба против корупцијата |
| СЕ | Совет за Европа |
| СЕИ | Сектор за европска интеграција при ГС на ВРМ |
| СИДА | Меѓународна агенција за развој од Шведска |
| СП | Странска помош |
| СРМ | Собрание на Република Македонија |
| ССА | Спогодба за стабилизација и асоцијација |
| TAIEX | Техничка помош за прилагодување на законодавството |
| FESAL | Financial & Enterprise Sector Adjustment Loan |
| ФЗ | Фонд за здравство |
| ФПИО | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |
| ЦУ | Царинска управа |
| WB | Светска банка |
| USAID | |

***Ознаки***

| | |
|---|---|
| * | Препораки кои не се имплементирани (Согласно Вториот Извештај на ЕК) |
| ** | Препораки кои делумно се имплементирани (Согласно Вториот Извештај на ЕК) |
| **/р/** | Реализирано |
| **/п/** | Прилог |

*Планот е усвоен на Триесет и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16 јуни 2003 година.*

# ВОВЕД

Со донесувањето на овој акционен план Владата ја потврдува својата политичка определеност за интеграција во Европската унија како стратешки приоритет на Република Македонија поддржан од сите релевантни политички субјекти во Република Македонија и огромното мнозинство граѓани.

Јасната порака за перспектива на членство во Европската унија на земјите кои припаѓаат на Процесот на стабилизација и асоцијација од Самитот од Копенхаген во декември 2002 година, која се очекува да се потврди и на претстојниот Самит во Солун, претставува предизвик за зацврстување на политичкиот консензус и мобилизација на расположивите ресурси, како и поинтензивни реформи насочени кон исполнување на критериумите за членство од Копенхаген 1993 година, имајќи ја предвид и политиката на условеност дефинирана од страна на Советот на ЕУ на 29 април 1997 година.

Најавеното збогатување на процесот на стабилизација и асоцијација во Извештајот и потврдено со Комуникето на Европската комисија “Западниот Балкан и европската интеграција” е прилог кон јакнењето на евроинтеграциската агенда на регионот како заедничка агенда на Европската унија и земјите од Процесот на стабилизација и асоцијација.

Проширувањето на Европската унија со десет нови членки во 2004 година значи суштествено изменета реалност на Унијата, која истовремено е предизвик и поттик за нејзините сегашни и идни членки. Искуството на Европската унија и земјите кои пристапуваат во неа во развивањето и примената на инструментите и механизмите од процесот на проширување е драгоцено за натамошното збогатување на процесот на стабилизација и асоцијација. За Република Македонија, како и другите земји од процесот на стабилизација и асоцијација тоа претствува дополнителен значаен извор за градење на сопствен конструктивен пристап во креирањето и спроведувањето на реформите кои значат натамошно градење на Процесот на стабилизација и асоцијација.

Позитивните резултати во постигнувањето политичка стабилност, зајакнатата политичка заложба за европска интеграција, континуитетот на реформите и постепеното градење на институционалниот капацитет ќе овозможат остварување на поголемо влијание на Република Македонија во натамошното обликување на процесот.

Ваквите процеси треба соодветно да се изразат врз зголемувањето на влијанието и одговорноста за користењето на помошта од Програмата CARDS на Европската Унија. Имплементацијата на овој Акционен план ќе биде суштествена од аспект на демонстрирање на политичката волја, како и капацитет на Република Македонија за преземање на значителна одговорност за координација и насочување на помошта на Европската Унија кон приоритетите на процесот на европската интеграција, што треба да резултира со зголемена ефикасност на користењето на помошта. Јакнењето на политичката рамка на процесот, како и збогатувањето на расположивите инструменти и механизми во процесот на евоинтеграцијата на земјите од регионот (TAIEX, Програми на Заедницата, редовен економски дијалог) истовремено претставува предизвик Република Македонија да го зајакне сопствениот политички и административен капацитет со цел да ги ефектуира во максимална мерка можностите што ги нуди обновениот процес на стабилизација и асоцијација.

Република Макеоднија и натаму останува приврзана на постојаното развивање на регионалната соработка, како објективен предуслов за позабрзан процес на интеграција во Европската унија.

*    *    *

Објавувањето на Првиот извештај за стабилизација и асоцијација на Европската комисија минатата година беше значаен чекор во структуирањето на овој процес и зајакнување на дијалогот. Тоа овозможи поставување на појасни приоритети за секоја земја одделно кои произлегуваат од нејзините индивидуални состојби и достигнувања.

Прифаќајќи ги изнесените оценки, забелешки и препораки содржани во Извештајот, Владата на Република Македонија изразува подготвеност препораките, кои всушност во голема мерка се совпаѓаат со нејзините приоритети, да ги преточи во Акционен план за спроведување на препораките.

Основни цели на овој акционен план се да:

- воспостави рамка за спроведување на приоритетните мерки во насока на приближување кон ЕУ;
- го поттикне натамошното градење на капацитетот и одговорноста за управување на реформскиот процес;

- обезбеди координираност и конзистентност на мерките предвидени во донесени документи за различни подрачја,
- ги приоретизира задачите кои произлегуваат од процесот на стабилизација и асоцијација
- овозможи јакнење на координативите и механизмите на имплементацијата во процесот на евроинтеграцијата
- даде основа за поефикасно искористување на странската помош во насока на приоритетите на евроинтеграцијата.

Цел на овој Акционен план е и изградување на одговорен однос на органите на управата и сите релевантни субјекти за процесот на европска интеграција кон обврските кои произлегуваат од овој процес, поттикнување на инцијативноста и мобилизација на постојните расположиви човечки ресурси.

## Методолошки пристап

Основа на материјалот се препораките содржани во Извештајот на ЕК, прикажани поединечно во првата колона на Акциониот план. Предвидените мерки и активности се засновани на прилозите од надлежните органи на управата, како и на претходно усвоени извештаи и програмски документи. Нацртот на планот го компилираше посебна работна група, по што тој е доставен на консултација и согласност на сите надлежни субјекти вклучени во планот.

Како надлежни субјекти, покрај органите на управата, соодветно на карактерот на препораката и предложените мерки и активности, се определени и други институции вклучени во спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, согласно нивните уставни и законски надлежности. Кај мерките каде што има наведено повеќе надлежни субјекти, првиот надлежен е координатор за мерката.

Кога се работи за донесување определени документи, надлежен субјект е определен предлагачот на соодветната мерка, односно надлежниот субјект за нејзино спроведување.

Доколку за материјата на која се однесува препораката е донесена стратегија, акционен план или друг документ во кој се предвидени конкретни мерки, во овој Акционен план не се повторуваат поединечните мерки, туку се упатува на соодветниот документ. Како прилог е даден списокот на овие документи.

Во мал број случаи, одредена мерка или активност се повторува за различни препораки, кога со иста мерка е насочена кон постигнување на целите наведени во соодветните препораки.

Временски, Планот го покрива периодот од објавувањето на Извештајот, вклучувајќи ги и мерките и активностите реализирани во меѓувреме (означени со **/р/**). Одредени мерки и активности имаат подолгорочен карактер и го надминуваат периодот од една година.

Се настојуваше роковите да се определат во реална временска рамка, усогласена со надлежниот субјект. Меѓутоа, во овој поглед, можни се диспаритети со претходно утврдени програми и планови, доколку е согледано дека претходно утврдените рокови се пробиени или обврските се порано остварени.

Со цел да се воспостави врска и да се овозможи следење на проектите од странска помош кои се во поддршка на предвидените мерки и активности со Акциониот план, во последната колона се прикажани и проектите односно програмите преку кои се обезбедува странска помош во нивното осмислување и спроведување.

## МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

| Препорака | | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|---|
| ***ПОЛИТИЧКА СОСТОЈБА*** | | | | | |
| 1. | Борба против корупцијата преку усвојување и имплементација на сеопфатна стратегија во согласност со меѓународните и европски стандарди и практики, вклучувајќи и основање соодветни тела за спречување, истражување и казнување на корупцијата, зголемена транспарентност и објективност на разните процедури кои ги извршуваат извршните органи, поголема јасност во финансирањето на политичките партии, целосна имплементација на законодавството за јавни набавки) ** | ВРМ и органи набележани во Стратегијата | Донесување Стратегија на ВРМ за борба против корупцијата **/р/** | Април 2003 | |
| | | Државна комисија за борба против корупцијата и органи набележани во Државната програма | Донесување Државна програма за превенција и репресија на корупцијата | Јуни 2003 | Совет на Европа, ОБСЕ, СОРОС |
| | | МП | Измени и дополнувања на Кривичниот законик, Законот за кривичната постапка и Законот за јавно обвинителство | Септември 2003 | |
| | | МП | Донесување закон за финансирање на политичките партии | Крај на 2003 | |
| | | МФ, ДЗР | Зајакнување на инспекцискиот надзор и улогата и значајот на државната ревизија и самостојноста и независноста на овластениот државен ревизор во спроведувањето на антикорупциските мерки | Континуирано | СБ |
| | | МФ | Изработка на физибилити студија за јавни набавки | Јуни 2003 | SIDA, SIGMA, CARDS, СБ |
| | | МФ | Донесување Акционен план за јавни набавки | Јули 2003 | СБ + SIDA, SIGMA |
| | | МФ | Донесување нов Закон за јавни набавки | Ноември 2003 | CARDS + SIGMA |
| 2. | Да се продолжи со забрзана имплементација на Рамковниот Договор од 13.08.2001. Целосна имплементација на РД претставува клучен чекор на патот на земјата кон | ВРМ | Редовен дијалог во рамките на коалициските партнери во Владата | Континуирано | |
| | | ПРМ, СРМ, ВРМ | Редовен дијалог меѓу партиите застапени во Собранието | Континуирано | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| поблиски односи со ЕУ и бара оддржлива заложба од сите заедници и политички структури - ** | Министер координатор, МТ,<br>(во соработка со донаторска заедница) | Целосна реконструкција и рехабилитација на оштетени објекти | Април 2004 | Билатерални донатори, ЕУ, UNHCR |
| | МК | Реконструкција на оштетени религиозни објекти во Матејче | Март 2004 | |
| | МК | Реконструкција на оштетени религиозни објекти во Лешок | Декември 2004 | |
| | Министер координатор, МО, МВР, МТСП, МЕ, МЗШВ,<br>(во соработка со донаторска заедница) | Завршување на процесот на враќање на ВРЛ | Мај 2004 | Билатерални донатори, ЕУ, UNHCR |
| | Министер-координатор, МЛС, ЗПВРМ, субјекти предвидени со АП | Спроведување на Планот за имплементација на Рамковниот договор | Предвидени со Планот | Билатерални донатори |
| | Министер-координатор, МЛС, МФ, координативно тело, субјекти предвидени со програмата | Спроведување на Оперативната програма за децентрализација | Предвидени со Програмата | Билатерални донатори, ЕУ, USAID, ОБСЕ, UNDP |
| | Комитет на министри, координативно тело за соодветна и правична застапеност | Донесување програма за правична застапеност на припадниците на заедниците<br>- Активности за подобрување на соодветната п и правична застапеност на заедниците во јавната администрација и јавните препријатија - документ донесен од Владата **/р/** | Јули 2003<br><br>Април 2003 | |
| | МТСП | Донесување на Закон за работни односи | Јуни 2003 | |
| | МОН | Закон за основно образование **/р/**<br>Закон за средно образование **/р/** | Јуни 2003 | |
| | МК | Донесување на Закон за култура | Јуни 2003 | |
| | МП | Изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија **/р/** | Јуни 2003 | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| | МП, АДС | Измени и дополнувања на Законот за државни службеници **/р/** | Јуни 2003 | |
| | МВР, МО, МФ | - Зголемување на застапеноста на припадниците на заедниците во јавната администрација (582 во Армијата, 1116 во полицијата) | Декември 2003 | |
| 3. Да се обезбеди извршување на следните чекори во обработката на податоците од пописот со поддршка на меѓународната мониторинг мисија, во согласност со меѓународните стандарди. | ВРМ | Реактивирање на Државната пописна комисија **/р/** | Мај 2003 | |
| | ДЗС | Реализација на планот за активности на високоекспертска група за финалната фаза на меѓународното набљудување на пописот | | PHARE<br>CARDS, USAID |
| | | - Планирање на активностите за финалната фаза на пописот **/р/** | Мај 2003 | |
| | | - Внес и проверка на податоци | Септември 2003 | |
| | | - Објавување на дефинитивни резултати по одредени белези | Ноември 2003 | |
| 4. Да се донесе правна рамка која ќе обезбеди непречена имплементација на процесот на децентрализација преку обезбедување на соодветни средства за централните државни органи за да управуваат со процесот и да се развие капацитет на органите на локалната самоуправа за преземање на трансферираните одговорности. Партнерство со граѓански иницијативи и сериозни програми ќе овозможат непречена имплементација на процесот на децентрализација. * | Министер- координатор, МЛС, координативно тело, МФ, субјекти набележани со АП, МК (во соработка со донаторска заедница) | Реализација на Оперативната програма за децентрализација | Предвидени со ОП | |
| | | Воспоставување на централниот механизам за координација на процесот на децентрализација **/р/** | Март 2003 | |
| | АДС | Поддршка на имплементацијата на Системот на државна служба утврден во Законот за државните службеници на локално ниво | Контунирано | UNDP и билатертални донатори |
| | Министер-координатор, МЛС, координативно тело, МФ, субјекти набележани со АП, МК, АДС, (во соработка со донаторска заедница) | Формирање центар за обука на државни службеници | Март 2004 | CARDS, UNDP |
| | | Развој на партнерството со единиците на локална самуправа во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка меѓу ВРМ и ЗЕЛС | Континуирано | GTZ |

| | Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Обезбедување средства за Агенцијата за државни службеници за имплементација на реформата на државната служба од аспецт на перспектива за интеграција во структуритse на ЕУ, промовирање на транспарентноста И организирањето на јавната администрација И другите државнои органи врз основа на мерит системот (систем заснован на способности) | МП, АДС | Изменување и дополнување на Законот за државни службеници насочени кон зајакнување на контролната улога на Агенцијата во однос на државните органи и воведување нов систем на оценување на државните службеници | Декември 2003 | DFID |
| | | АДС | Јакнење на институционалниот капацитет на АДС | Континуирано | DFID и билатерални донатори |
| | | АДС, МФ | Воспоставување систем на претходна контрола за обезбедување доследна примена на постапката за вработување | Јули 2003 | |
| | | АДС, ВРМ, СРМ, судовите, други државни органи, релевантни институции | Подготовка на документ за основите за националниот систем за обука на државните службеници и воспоставување на механизми за координација | Декември 2003 | DFID |
| 6. | Продолжување со клучните реформи во секторот обезбедување, посебно во полицијата, со цел да се обезбеди професионална, модерна и добро обучена служба, со мулти-етнички состав, во која верува заедницата и која ќе биде способна повторно да го воспостави законот и редот на целата територија. | МО, МВР, МНР | Донесување национална концепција за безбедност и одбрана /**р**/ | Мај 2003 | |
| | | МВР | Донесување стратегија за реформи во полицијата | Јули 2003 | CARDS |
| | | МВР | Донесување закон за полициска академија /**р**/ | Јуни2003 | CARDS 2003 |
| | | МВР | - Формирање на Полициска академија | Октомври 2003 | CARDS 2003 |
| | | МВР | Завршување на обуката на последната група од вкупно планираните 1116 припадници на заедниците | Август 2003 | |
| | | МО | Зголемување на бројот на вработените во Армијата на РМ - припадници на заедниците -вработување на 582 припадници на албанската заедница | Декември 2003 | |
| | | МВР | Продолжување на обуката за новавработените припадници на безбедносните сили | Континуирано | ОБСЕ |
| | | МВР | Донесување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето /**р**/ | Мај 2003 | |
| | | МВР | - Спроведување на законот | Декември 2003 | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| | МВР, МП, МК | - Измени и дополнувања на Кривичниот законик (заострување на казните за неовластена трговија со оружје ) | Јуни 2003 | |
| | МВР, МТВ, МФ | Реконструкција на оштетените и изградба на нови полициски станици во поранешните кризни региони (со донатори) – 11 станици | Јуни 2005 | Билатер. Донатори |
| | МВР | - Приоритетни три полициски станици: Матејче, Арачиново и Теарце<br>o завршување на проектите<br>o завршување на изградбата | <br>Април 2003<br>Јуни 2004 | Билатер. Донатори |
| 7. Да се заврши процесот на распуштање на полициските сили кои покажуваат паравоено однесување. ** | МВР | Распуштање на поранешните полициски сили кои покажуваа паравоено однесување /**р**/ | | |
| 8. Зајакнување на борбата против сите прекршувања на човековите права и интензивирање на обуката за прашањата за човекови права за службениците кои го спроведуваат законот, во соработка со меѓународните организации. ** | МП, МВР | Донесување програма за обука на службениците кои го спроведуваат законот за прашањата за човековите права (во соработка со ОБСЕ и СЕ) | Декември 2003 | ОБСЕ |
| | ВРМ, МВР, МП | Јакнење на соработка со цивилен сектор | Континуирано | CARDS 2002, 2003 |
| 9. Подобрување на функционирањето и ефикасноста на органите за спроведување на законот и судството за примена на законите во согласност со меѓународните стандарди. Зајакнување на обуката на судиите и на обвинителите за ЕУ законодавството. ** | ВРМ | Формирање работна група за координација на политиките и усогласување со политиката на ЕУ во областа на правдата и внатрешните работи | Јули 2003 | CARDS |
| | ВРМ | Јакнење на институционалниот капацитет на органите за спроведување на законот и судството | Континуирано | CARDS, USAID, SOROS |
| | МП | Реализација на Стратегијата за ИТ поддршка на судството<br>- финализација на проектот за компјутеризација на судството<br>- поврзување на судството со други правосудни институции и полицијата | Декември 2004 | CARDS 2001 |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| | МП | Законско регулирање на јавно-правен статус на Центарот за континуирана едукација на судиите и јавните обвинители | Јануари 2004 | CARDS, USAID |
| | МП | - Воведување законска обврска за одвојување на 2% од независниот судски буџет за обука на судии и обвинители | Јануари 2004 | |
| | Центар за континуирана едукација на судиите и јавните обвинители | Донесување Програма за континуирана обука на судиите за ЕУ | Февруари 2004 | CARDS |
| 10. Ограничување на политизацијата на судскиот систем како дел од реформите кои се насочени кон развој на судскиот капацитет и обезбедување професионални стандарди за назначување и за напредок во кариерата. | МП | Измени на одредби од Уставот на Република Македонија насочени кон јакнење на независноста на судството | Декември 2003 | |
| | надлежни министерства | Измени и дополнувања на соодветните закони | Март-Април 2004 | |
| | МП, МФ | Донесување на законот за самостоен судски буџет | Септември 2003 | |
| | МП, МФ | - отпочнување на примената на Законот за самостоен судски буџет | Јануари 2004 | |
| 11. Да се вреднува улогата на канцеларијата на Омбудсманот во одбрана на граѓаните и зајакнување на неговите можности за отстранување на лошиот менаџмент и лошото администрирање преку донесување неопходна правна рамка и зајакнување на независноста на ревизорските органи. | МП | Донесување на нов закон за Народниот правобранител, со кој се предвидува формирање на регионални канцеларии и зајакнување на положбата на народниот правобранител | Јули 2003 | Билатер. Донатори, ОБСЕ, Совет на Европа |
| | МП, НП | - формирање и оспособување на регионалните канцеларии | Април 2004 | Билатер. Донатори, ОБСЕ |
| | ВРМ | Воведување механизам на следење на постапката на органите на управата по препораките на Народниот правобранител и воспоставување на одговорност за несоодветно постапување | Септември 2003 | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| | ДЗР, МФ, МП, СРМ | Кадровско доекипирање на ДЗР, континуирана едукација на овластени државни ревизори, воведување механизми и правни основи за самостоен буџет на државната ревизија и создавање уставни основи за обезбедување независност и самостојност на ДЗР | Континуирано | |
| 12. Зајакнување на правните и уставните гаранции за слободата на изразување во согласност со Европската конвенција за човекови права. * | МП | Создавање правна рамка и имплементација на одредбите, согласно Европската Конвенција за човекови права | Континуирано | |
| 13. Поддршка на развојот на секторот медиуми во согласност со европските стандарди. | МТВ, МК | Изменување и дополнување на Законот за радиодифузија со цел: независност на јавниот радиодифузен систем, политичка независнот на регулаторното тело, заштита на авторските права на земската телевизија и на кабелските мрежи, нови видови на регионални типови радиодифузери | Октомври 2003 | ПС, ОБСЕ, CARDS регионална |
| | МП | Закон за слободен пристап до административни документи | Ноември 2003 | Финска влада |
| 14. Да се поттикне развојот на граѓанското општество и поттикне улогата на локалните НВО. ** | МП, МК | Измени на Законот за здруженија на граѓани и фондации | Јули 2003 | |
| | МФ | Воведување даночни олеснувања за здруженијата на граѓаните | Ноември 2003 | CARDS, USAID, SOROS |
| | ВРМ | Донесување стратегија за развој на граѓанско општество и НВО | Јануари 2004 | USAID, CARDS |
| | ВРМ | Донесување на програма за соработка со НВО | Јануари 2004 | CARDS 2002 |
| | ВРМ – ГС | Формирање на канцеларија на ВРМ за соработка со невладиниот сектор | Март 2004 | CARDS |
| | ВРМ во соработка со НВО | Формирање на центар за поддршка на НВО | Јануари 2004 | CARDS |
| | ВРМ | Донесување одлука за поддршка на невладини организации | Јули 2003 | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| 15. Продолжување на напорите за зголемување на регионалната соработка | МНР во соработка со другите министерства | Интензивирање на билатералната и мултилатералната регионална соработка | Континуирано | |
| | МНР | Продолжување на постапките за потпишување на конвенциите за регионална соработка во рамките на ПСА - член 12 ССА | Континуирано | |
| | МНР | Придонес за јакнење на Процесот за соработка во Југоисточна Европа | Континуирано | |
| | МНР, МЕ | Учество во Пактот за стабилност и другите регионални иницијативи | Континуирано | |
| | ВРМ-СЕИ, МНР, МЕ, МЛС, МК | Поттикнување на прекуграничната соработка | Континуирано | CARDS |
| | МЛС, единици на локалната самоуправа и МНР | Поттикнување и поддршка на соработката во рамките на еврорегионите | Континуирано | ПС, Совет на Европа, East-West Универзитет |
| | МВР, МО, МНР | Иницирање на билатерална и мултилатерална соработка меѓу националните безбедносни системи од регионот заради: спречување и борба против организираниот криминал, гранична безбедност и управување и воена соработка **/р/** | Мај 2003 | Регионална CARDS |
| | ВРМ-СЕИ во соработка со сите министерства, АДС | Активно учество во проектите во Регионалната програма CARDS | Според Програмата | Регионална CARDS |
| | МНР во соработка со министерствата | Развивање на секторската соработка на билатерално и мултилатерално ниво | Континуирано | |
| | ВРМ-СЕИ | Регулирање на соработката во областа на европска интеграција со земјите од регионот<br>- Меморандуми за соработка со Хрватска и Словенија **/р/** | 2003-2004 | |
| | СРМ, МНР | Јакнење на регионалната меѓупарламентарна соработка | Континуирано | |

| | Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Обезбедување на целосна имплементација на потпишаните договори за слободна трговија. | МЕ, МЗШВ, ЦУ | Воспоставување на кохерентна трговска политика и механизам за нејзино следење | Октомври 2003 | CARDS |
| | | МЕ, МНР, ЦУ | Подготовка за примена на системот за паневропска дијагонална кумулација на потеклото | Согласно одлуката на ЕК | |
| | | | ***ЕКОНОМСКА СОСТОЈБА*** | | |
| 17. | Властите треба да ја одржат конзистентната макроекономска и фискална рамка во договорот со ММФ и целосно да ја имплементираат програмата договорена со Фондот. | МФ, НБМ | Спроведување на Меморандумот за економски и финансиски политики кој го поддржува stand-by аранжманот според утврдената Матрица **(п)** | Согласно матрицата | |
| 18. | | ВРМ, министерства, АДС, други државни органи и институции | Ревизија и ажурирање на Стратегијата за реформата на јавната администрација и на Акциониот план за спроведување на Реформата на јавната администрација | Јуни 2004 | |
| | | ВРМ | Формирање на Сектор за реформа на јавната администрација во Генералниот секретаријат на ВРМ | Декември 2003 | |
| | | ВРМ - Генерален секретаријат | Изработка на функционални анализи за сите министерства | Март 2004 | DFID - PAI |
| | | МВР, МО | Реализација на програмите за одвојување на несуштинските функции<br>(во согласност со Матрица - ММФ) | Декември 2003 | |
| | | ВРМ, министерства | Донесување на планови за рационализација на државната администрација | Јули 2003 | СБ |
| | | | - Реализација | Декември 2003 | |
| | | МФ, МТС, ФПИО, МЗ, ФЗ, ЗВ, ДР | Реформа на управување на јавните расходи ПСАЛ **(п)** | Согласно Матрицата (дог-оворена со СБ) | СБ |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| | ВРМ - Генерален секретаријат | Натамошна реализација на Планот за реформа и зајакнување на Генералниот секретаријат на ВРМ **(п)** | Континуирано | |
| 19. Треба да се спроведе реформата на трезорскиот систем со цел да се обезбеди коректно извршување на буџетот. | МФ и сите корисници на Буџетот | Зајакнување на улогата на Одделението за внатрешна ревизија на јавните набавки | Континуирано | CARDS |
| | | Зајакнување на Секторот за буџет и Одделението за плати на МФ | Континуирано | |
| | | Имплементација на концептот "Единствена трезорска сметка" **/р/** | Јануари 2002 | USAID |
| | | Реализација на проектот за евидентирање на обврските на корисниците и единките корисници на Буџетот | Септември 2003 | |
| | | Воведување контролни механизми во поглед на преземањето обврски од страна на буџетските корисници **/р/** | Април 2003 | |
| | | Промени во сметководствениот систем | Декември 2004 | |
| | | Подобрување на процесот на евиденција и дистрибуција на приходите за евиденција за единиците на локална самоуправа | Континуирано до декември 2004 | |
| | | Унапредување на управувањето со долгот и гаранциите на РМ | Декември 2004 | |
| | | Развивање на финансиското планирање и управување со ликвидноста, | Декември 2004 | |
| | | Издавање трезорски записи | Декември 2003 | |
| | | Директно on-line поврзување со буџетските корисници | Декември 2005 | |
| | | Воведување САП систем за управување со јавните финансии | Јуни 2004 | |
| | МФ, ДЗР, МОН | Директно on-line поврзување на ДЗР со трезорот во МФ и информатички бази на финансиските и сметководствените податоци на буџетските корисници и единки корисници | Во рок кога технички ќе биде изводливо | |

| **Препорака** | | **Надлежни субјекти** | **Планирани активности** | **Рок** | **С П** |
|---|---|---|---|---|---|
| 20. | Усвојувањето на новиот закон за финансирање на локалната власт е суштествено за обезбедување на децентрализацијата на функциите на Владата. | МФ | Донесување нов закон за финансирање на локалната самоуправа | Согласно ОПД | USAID |
| 21. | Властите треба да го комплетираат реализирањето на Акциониот план за ликвидација или продажба на 40-те загубари. ** | МЕ, АП | Решавање на проблемотна претпријатијата-загубари во согласност со ФЕСАЛ II | Крај на 2003 | |
| | | | Решавање на проблемот на преостанатите претпријатија – загубари | Март 2004 | |
| ***СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА*** | | | | | |
| 22. | Отстранување на квантитативните ограничувања (или мерките со еквивалентен ефект) за нафтата и нафтените деривати во согласност со Времената Спогодба до пролетта 2003. ** | МЕ | Укинување на примената на различни увозни давачки за различни увозници на нафта и нафтени деривати и укинување на квантитативните ограничувања **/р/** | Март 2003 | |
| 23. | Продолжување на законски и административните реформи неопходни за забрзување на имплементацијата на обврските од ССА кога истата ќе стапи во сила, паралелно со имплементацијата на Охридскиот Рамковен Договор имајќи ја во предвид потребата од правична застапеност од разните заедници. Потребата од нови вработени најпрво треба да се реализира преку реорганизација и редистрибуција од другите административни органи во согласност со условите наметнати од Меѓународните финансиски институции за намалување на вработени во јавна администрација | | *Обврските кои произлегуваат од оваа препорака се извонредно тешки за реализација особено во условите поставени од меѓународните финансиски институции.*<br>*Мерки и активности за сите обврски кои произлегуваат од оваа препорака се предвидени во посебните препораки кои се однесуваат на поединечните аспекти. Нивната реализација ќе зависи и од соодветната и навремена странска помош.* | | |

| | Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|---|
| 24. | Натамошен развој на административните структури за координација на прашањата за европска интеграција вклучувајќи ја и апроксимацијата на законодавството (посебно поврзување на процесот на приближување на законодавството со правната реформа, кодификацијата, донесувањето одлуки и економската реформа) и натамошен развој на соодветни менаџмент инструменти за поддршка на целиот процес, како поимници, тренинг програми и сл. -** | ВРМ-СЕИ | Донесување Национална стратегија за интеграција на РМ во ЕУ | Декември 2003 | DFID-PAI |
| | | ВРМ | Донесување на Стратегија и Акционен план за информирање и комуникација со јавноста /**р**/ | Април 2003 | |
| | | ВРМ-СЕИ | - отворање на веб-сајт | Јули 2003 | UNDP |
| | | ВРМ | Измена на составот и интензивирање на работата на Работниот комитет за европска интеграција /**р**/ | Март 2003 | |
| | | ВРМ | Интензивирање на работата на работните групи за приближување на законодавството по screening подрачја | Јуни 2003 | |
| | | ВРМ | Донесување на Националната програма за приближување на законодавството за 2003 /**р**/ | Април 2003 | |
| | | ВРМ | - Воведување на мониторинг механизам за спроведување на Програмата /**р**/ | Април 2003 | |
| | | ВРМ-СЕИ и министерствата | - Поднесување квартални извештаи | Секои три месеци | |
| | | ВРМ-СЕИ | Воведување на ИТ поддршка на процесот на приближување на законодавството /**р**/ | Април 2003 | DFID-PAI |
| | | ВРМ-СЕИ | Унапредување на постапките за превод на законодавството на ЕУ | Јуни 2003 | |
| | | ВРМ-СЕИ | Превод на 10.000 страни ЕУ законодавство | Март 2004 | CARDS |
| | | ВРМ-СЕИ | Издавање на on-line поимник на терминологија на ЕУ законодавство | Јули 2003 | |
| 25. | Зголемување на вработените во Одделенијата во министерствата и другите административни органи кои работат на прашањата на европска интеграција, особено во оние | ВРМ-СЕИ, АДС | Анализа на организациската структура и расположивите човечки ресурси | Септември 2003 | |
| | | ВРМ-СЕИ, АДС | План за подобрување и зголемување на капацитетот на соодветените сектори | Октомври 2003 | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| министерства кои имаат директна надлежност за имплементација на ССА. * | БРМ-СЕИ, МФ, надлежни министерства, СЗ, СРМ, ДЗС | Зголемување на бројот на вработените со соодветни квалификации во МЕ, МЗВШ, МВР, МЖЗПП, МП, МФ, МК, ДЗС, ВРМ-СЕИ, МНР, (и Мисијата во Брисел), Секретаријатот за законодавство и Службата на Собранието во организационите единици кои работат со имплементација на ССА | Јуни 2004 | |
| | ВРМ | Одлука за стипендирање на постдимпломски европски студии со склучување договори за вработување во јавната администрација **/р/** | Јули 2003 | |
| 26. Да се примени обврската за контрола на компатибилноста на целото ново законодавство со аџуис (особено преку механизмот кој постои во Владата) и развивање на соодветни механизми во Парламентот. ** | ВРМ | Изменување и дополнување на Деловникот за работа на ВРМ<br>- Воведување задолжителна изјава за усогласеност со ЕУ законодавство | Јуни 2003 | DFID-PAI |
| | СЗ | Оспособување на Секретаријатот за законодавство за примена на новите одредби од Законот за ВРМ со кои СЗ е задолжен да ја проверува компатибилноста на актите со законодавството на ЕУ | Март 2004 | |
| | СРМ | Изменување и дополнување на Деловникот за Собранието | Октомври 2003 | |
| | СРМ | Донесување Одлука за Комисијата за европски прашања на Собранието **/р/** | Април 2003 | |
| | СРМ | Формирање и започнување со работа на Комисијата за европски прашања на Собранието | Јули 2003 | |
| 27. Да се продолжи со курсевите за обука за службеници (во Владата, Собранието и локалната самоуправа) за прашања од европската интеграција. | СЕИ, АДС, МНР | Донесување на Оперативен план за обука на државни службеници 2003-2004 | Јуни 2003 | |
| | ВРМ, СРМ | Имплементација | Континуирано | |
| | ВРМ, во соработка со ЕК | Стажирање на државни службеници во Европската комисија | Март 2004 | |
| | СРМ во соработка со ЕП и национални парламенти | Стажирања во Европскиот парламент | Март 2004 | |
| | ВРМ, министерства | Стажирање во земји кандидати | Март 2004 | |

| Препорака | | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|---|
| 28. | Натамошна подготовка за воведување на клучната ЕУ легислатива на полето на конкуренцијата, интелектуалната сопственост, стандардите и сертификацијата, јавните набавки, заштитата на податоци (излистани како приоритети во членот 68.3 од ССА) и имплементација на првата фаза. Да се обезбеди примена преку воспоставување на соодветни извршни органи одговорни за имплементација и мониторинг на нивната имплементација. -* | МЕ | Нов Закон за трговски друштва | Ноември 2003 | CARDS |
| | | МЕ | Измени и дополнување на Законот за спречување на ограничувањето на конкуренцијата | Декември 2003 | CARDS, USAID |
| | | МЕ | Профункционирање на независната комисија за монополи | Септември 2003 | GTZ |
| | | МЕ | Донесување Закон за државна помош **/р/** | Март 2003 | GTZ |
| | | ВРМ | Формирање на Комисија за државна помош | Јули 2003 | |
| | | ВРМ | Одлуки за формирање на Институтот за стандардизација, на Институтот за акредитација **/р/** | Февруари-Март 2003 | |
| | | МЕ, МФ, ИС, ИА, БМ | Обезбедување услови за работа (простор, опрема, кадар) на Институтот за стандардизација, на Инсититутот за акредитација и на Бирото за метрологија | Септември 2003 | CARDS |
| | | МЕ, МФ, ИС, ИА, БМ | Јакнење на капацитетите на новоформираните институции (ИС, ИА, БМ) | Континуирано | CARDS |
| | | ВРМ-СЕИ, МЕ, ИС, ИА, БМ | Донесување на Акционен план за транспонирање на директивите од новиот приод (технички регулативи) | Декември 2003 | GTZ |
| | | МЕ, МК | Донесување нов Закон за заштита на потрошувачи | Ноември 2003 | GTZ, CARDS |
| | | МЕ | Донесување нов Закон за трговија | Ноември 2003 | |
| | | МЕ, МЗ, МЗШВ, МТСП | Донесување нов Закон за државна инспекција | Јануари 2004 | |
| | | МЕ, МЗ, МЗШВ, МТСП, МК | Јакнење на капацитетите на инспекциските служби и обука за примена на новите прописи | Континуирано | |
| | | МФ | Донесување нов закон за јавни набавки | Ноември 2003 | CARDS, SIGMA |
| | | МФ | Формирање на независно тело за спроведување на законот за јавни набавки | Март 2004 | CARDS |
| | | МК | Измени и дополнувања на Законот за авторско право и сродни права | Ноември 2003 | GTZ, CARDS |
| | | МК | Формирање координативно тело за изготвување Програма за авторските и сродните права | Јуни 2003 | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| | МК | Донесување Програма за унапредување на режимот на остварување и заштита на авторското право и сродните права и за едукација и сензибилизација<br>- Акциски план за сузбивање на пиратството | Ноември 2003<br><br>Јануари 2004 | CARDS 2002 |
| | МК, МФ | Зголемување на број на вработени во МК во инспекциски надзор и нивна едукација | Март 2004 | |
| | МК, МФ | Измена на законски одредби што се однесуваат на царинските мерки и суспензивни постапки против увоз, извоз, реизвоз и внес на пиратски и фалсификувани стоки | Април 2004 | |
| | МЕ - БИС | Усогласување на подзаконските акти од обласа на индустриска сопственост со соодветните ЕУ мерки | Септември 2003 | |
| 29. Властите треба натаму да го унапредуваат развојот на малите и средните претпријатија, да воспоставуват поволна клима за растеж на приватниот сектор, претприемништвото и интеграција на неформалниот сектор * | МЕ | Спроведување на Стратегијата за малите и средни претпријатија, Програмата за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малите и средните бизниси **(п)** | Континуирано | |
| | МЕ | Донесување на Закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото со кој се прифаќаат принципите на Европската повелба за малите и средни претпријатија | Септември 2003 | |
| | ВРМ | Формирање на Агенција за поддршка на претприемништвото | Ноември 2003 | |
| | МФ | Основање на Банката за микрофинансирање | Јули 2003 | ЕИБ, ЕБРД |
| | МЕ, МФ | Зајакнување на организационата единица за мали и средни претрпијатија во МЕ | Јануари 2004 | |
| | МЕ | Закон за формирање на гарантен фонд | Ноември 2003 | |
| | МЕ | Формирање на Агенција за поддршка на странски директни инвестиции | Декември 2003 | |
| | МЕ | Формирање на Агенција за технолошки развој | Декември 2003 | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| | МЕ | Формирање на Агенција за енергетски развој | Декември 2003 | |
| | МЕ. МФ, МТСП, МК | Донесување Програма за сузбивање на сивата економија | Март 2004 | |
| | МТСП | Донесување програма за поттикнување на вработувањето | Декември 2004 | CARDS |
| 30. Зајакнување на перформансите на Царинската служба, во согласност со ЕУ блуепринтс и развој во смисла на обезбедување на неопходни уверувања за нејзината способност да го управува преференцијалниот трговски режим. | МФ - ЦУ | Спроведување на Акцискиот план за реализација на ЕУ blueprints | Континуирано до април 2005 | CARDS |
| 31. Финализирање и имплементација на националната стратегија за интегрирано гранично управување (гранична контрола и надзор на границите) базирано на институционална надградба и обезбедување техничка опрема, со цел особено намалување на илегалните миграциони текови и разните форми на шверцување и обезбедување олеснување на трговијата. * | МВР во соработка со надлежни министерства | Донесување на стратегијата за интегрирано гранично управување | Октомври 2003 | CARDS 2000 |
| | МВР во соработка со надлежни министерства | Донесување на Акционен план за имплементација на Стратегијата | Декември 2003 | CARDS 2001 |
| | МВР во соработка со надлежни министерства | Започнување со имплементација на Акциониот план (институционална надградба, обука, опрема) | Јануари 2003 | CARDS 2001 |
| | МВР, МО | Преземање на линиското обезбедување од МО од страна на МВР | Во фази до 2005 | CARDS 2000 |
| | ВРМ, надлежни министерства | Консолидација на координативниот механизам на интегрираното гранично управување | Јуни 2003 | CARDS |
| | МНР | Измена на негативната листа на земји за кои е потребна виза за влез во РМ | Декември 2003 | |
| | МНР | Укинување на издавање визи на гранични премини согласно ЕУ стандардите **/р/** | Јануари 2003 | |
| | МВР | Воведување нова налепница за визи што ќе ги задоволува ЕУ стандардите | До крајот на 2004 | |
| | МНР, МВР | Донесување на акциски план за усогласување на визниот режим со ЕЗ, со кој особено ќе се предвиди: | Декември 2003 | |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| | | - Воведување на сигурна статистика за издадени визи, особено одбиени баратели **/р/** | | |
| | | - Воспоставување на централна база на податоци и мрежно поврзување на МВР и граничните премини; обебедување ИТ врска меѓу конзуларните претставништва и МНР | До крајот на 2004 | CARDS |
| | | - Поедноставување и унапредување на процедурите за издавање визи | До крајот на 2004 | |
| | | - Јакнење на претходната контрола и проценка на барањата за визи | Континуирано до крајот на 2004 | |
| | | - Јакнење на иституционален капацитет, зајакнување на постојната обука | Континуирано | |
| | МВР | Донесување нов закон за движење и престој на странци | До крајот на 2004 | |
| 32. Донесување на новиот закон за азил вклучувајќи и подзаконски акти и подобрување на капацитетот за процесирање на барањата за азил, како и воспоставување на независен второстепен орган. ** | МВР | Донесување Национален акционен план за миграција и азил **/р/** | Декември 2002 | ПС – иницијатива за миграција и азил, РДС, ЦА |
| | МВР | Нов закон за азил со вградени ЕУ стандарди | Октомври 2003 | CARDS 2002-2003, UNHCR |
| | МВР | Донесување подзаконски акти | Април 2004 | |
| | МВР | Зајакнување на капацитетот на одделението за миграција и азил | Континуирано | CARDS |
| | МВР, координативно тело за ИГУ | Инкорпорирање на прашањата на азил во интегрираното гранично управување | До крајот на 2005 | |
| | МТСП, МВР, МФ, | Обезбедување на услови за прием и привремено сместување на баратели на азил | Декември 2004 | |
| | ВРМ | Воспоставување на независно второстепено тело за жалби | | |

| | Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|---|
| 33. | Зајакнување на борбата против организираниот криминал, вклучувајќи сеопфатни планови за спречување и борба против организираниот криминал и корупцијата, со преземање решителни мерки за демонстрирање дека криминалот не се исплатува, јакнење на соработката меѓу различни тела за спроведување на законот, развој на криминалистички разузнавачки служби, јакнење на административниот капацитет* | МВР | Донесување стратегија за спречување и борба против организираниот криминал | Октомври 2003 | CARDS |
| | | | Донесување Акциски план за спречување и борба против организираниот криминал, со кој ќе се предвиди:<br>- создавање на соодветна институционална рамка за ефикасно следење, имплементација и спроведување на законодавство<br>- јакнење на капацитетот на државната администрација, обвинителствата и судовите<br>- обезбедување соодветна опрема<br>- јакнење на меѓународната и регионалната соработка<br>- подигање на јавната свест | Ноември 2003 | |
| | | МВР, МП | Донесување на Закон за борба против тероризмот | До крајот на 2004 | |
| 34. | Да се адресираат пречките кои забрануваат користење на било каква специјална истражна техника. | ВРМ, СРМ | Измена на член 17 од Уставот на Република Македонија (легализирање на специјалните истражни техники) | Септември 2003 | |
| | | МВР | Донесување на Закон за специјалните истражни техники | Јануари 2004 | |
| 35. | Воспоставување и обезбедување на правилна имплементација на национален план против дроги. | Државна комисија за борба против дрогата | Донесување Национален план за борба против дрогата | Октомври 2003 | CARDS 2001, 2002 |
| | | ВРМ | Интензивирање на активностите на Државната комисија за борба против дрогата | Јуни 2003 | |
| | | ВРМ | - Обезбедување институционална поддршка за работа на Комисијата | Септември 2003 | |
| 36. | Воведување легислатива за заштита на лични податоци и воспоставување | МВР | Донесување на нов Закон за заштита на лични податоци | Декември 2003 | CARDS |

| Препорака | Надлежни субјекти | Планирани активности | Рок | С П |
|---|---|---|---|---|
| на независна агенција надлежна за нејзина примена. * | ВРМ | Формирање на посебно независно тело за спроведување на законот за заштита на личните податоци | Март 2004 | |
| | ВРМ, МФ | Обезбедување услови за работа на независното тело | Март 2004 | |

## Услови и ризици за имплементација на Акциониот план

Политичката определеност за европската интеграција на Република Македонија како стратешки приоритет на Владата и сите релевантни политички субјекти е основна претпоставка за реализација на Акциониот план.

Акциониот план ќе се реализира во услови на строги буџетски рестрикции, што значително го стеснува просторот за реализација на барањата што објективно ги поставува процесот на стабилизација и асоцијација. Од друга страна, усогласувањето со законодавството на ЕУ и имплементацијата на новите закони претпоставува изградба на нови институции и примена на нов вид на знаења и методи во работата. Оттаму, неопходно е долгорочно планирање на изградбата на институциите и реалокација на постојните ресурси, паралелно со создавањето услови за обезбедување нови ресурси.

Се цени дека основни предуслови се:

- Навремено планирање на финансиските и материјалните услови за реализација на мерките и активностите;
- Алокација на соодветни човечки ресурси и нивна обука;
- Обезбедување на соодветна ИТ поддршка на процесите;
- Доследно почитување на процедуралните одредби за донесување на актите;
- Доследно почитување на постојните механизми на координација и следење на спроведувањето;
- Комплементарност со реализацијата на други стратешки документи и избегнување на паралелизми;
- Навремено планирање на соодветна странска помош за приоритетните мерки и активности;
- Навремено известување за предвидените мерки и активности

Неисполнувањето на овие предуслови може да го зголеми ризикот од:

- Забавена имплементација на мерките и активностите предвидени со Програмата;
- Нереализирање на одредени мерки и активности од страна на надлежните субјекти;
- Посебен ризик претставува неисполнувањето на претпоставките кои зависат од независни тела (на пр. одложување односно недонесување судски одлуки)

Ваквите ризици, доколку не се пресретнат, можат да ја загрозат посакуваната динамика на процесот на стабилизација и асоцијација на Република Македонија;

Со цел да се намалат ризиците, предвиден е механизам на следење на имплементацијата на Акциониот план.

## Механизам на следење на имплементацијата

Со оглед на обемот на Акциониот план, бројноста на мерките и комплексноста на активностите, како и поради меѓусекторскиот и меѓуинституционалниот карактер, имплементацијата на Акциониот план е неопходно да се канализира и координира низ соодветна институционална структура.

За таа цел како најрационално решение се наметнува користењето на постојната структура за координација на процесот за европска интеграција која би била надлежна и за координација и следење на имплементацијата на Акциониот план за реализација на мерките врзани со Процесот за стабилизација и асоцијација за 2003 година, имено:

- Заменик претседателот на Владата одговорен за процесот за европска интеграција ќе се грижи и за координација на имплементацијата на Акциониот план за ПСА
- Работниот комитет за европска интеграција согласно Одлуката за неговото формирање е надлежен за следење и операционализација на мерките од Акциониот план за ПСА

- Секторот за европска интеграција при Генералниот секретаријат во тесна соработка со Министерството за надворешни работи - Област за Европска унија ќе ги врши оперативните активности поврзани со реализацијата на мерките и активностите
- Надлежните министерства и другите државни институции, како и другите задолжени органи, тела и институции се задолжени за реализација на предвидените мерки во Акциониот план за ПСА

За реализацијата на секоја мерка од Акциониот план надлежните субјекти задолжително го известуваат, во адекватна форма (писмена, електронска), Секторот за европска интеграција при Генералниот секретаријат на Владата како постојан секретаријат на Работниот комитет за европска интеграција. За задоцнување во реализацијата или неможноста за реализација е потребно да се даде соодветно образложение, односно аргументи.

СЕИ при ВРМ и МНР ОЕУ врз основа на добиените информации и податоци за реализацијата на мерките, редовно месечно подготвуваат куси извештаи за реализираните мерки. Извештаите покрај до РКЕИ ке се доставуваат и до Владата на РМ со цел навреме да се сигнализира за степенот на реализацијата, но особено за пројавените потешкотии во реализацијата на одредени мерки.

Во СЕИ Одделението за подршка на РКЕИ ќе се води досие/база на податоци за сите поважни подготвени/усвоени документи (стратегии, акциони планови, закони, подзаконски акти, планови, програми, проекти).

Во СЕИ Одделението за координација на странската помош ќе се води евиденција/база на податоци за сите технички и друг вид помошти поврзани со имплементацијата на мерките од Акционата програма за ПСА, која ќе се користи и како средство за координација и насочување на странската помош, низ постојниот национален систем за координација на странската помош.

Во МНР Област за Европска унија ќе се води досие/база на податоци за сите активности поврзани со реализацијата на мерките од Акционата програма за ПСА кој се од надворешно политички карактер, односно за комуникацијата со институциите на европската комисија.

## Информирање

Овој Акциски план ќе биде широко дистрибуиран, и тоа не само на носителите на активностите, туку и на пошироката јавност со цел успешно комуницирање и запознавање на јавноста и на одделните невладини субјекти, обезбедување што поширока вклученост, подигнување на знаењата и свеста на сите учесници и, пред с#, поддршка на квалитетно и успешно остварување на предвидените мерки и активности од страна на сите граѓани во Република Македонија.

Од особена важност е сите релевантни инстанци навреме и доволно детално да бидат информирани за реализацијата на Акциониот план, особено за клучните мерки. На тој начин ќе се постигне:

- Информираност за развојот/реализацијата на ПСА
- Адекватна и на соодветно ниво дисеминација на информациите
- Коректна и истоветна информација, односно избегнување на можноста за неточно информирање

Информациите ќе се подготвуваат во форма на:

- Информација/извештај за развојот/реализацијата на Акциониот план за Процесот за СА
- Куси резимеа за одредени мерки или активности,
- ЦД-ром со клучните документи и активности,
- ПРЕСС конференции и брифинзи за новинарите
- Брифинзи за амбасадорите од земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и земјите од ПСА, Делегацијата на ЕК во РМ и претставниците на ЕК
- Електронски информации на што е можно поширок круг на корисници

Дисеминацијата на информациите ќе обезбеди соодветно информирање за постигнувањата до:

- членовите на Владата на РМ, замениците министри и државните секретари, раководните работници во државните институции, одделенијата за европска интеграција, ПУЗ и другите тела и структури кои имаат надлежност во процесот за европска интеграција
- пратениците во Собранието на РМ , соодветните комисии и стручните служби на Собранието
- преку МНР - информирање на нашите амбасади и дипломатско конзуларни служби пред с# во земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и земјите од процесот за стабилизација и асоцијација
- преку Мисијата на РМ во Европската комисија во Брисел - информирање на сите мисии во Брисел на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и земјите од ПСА
- надлежните служби на Европската комисија вклучително и Делегацијата на ЕК во Скопје, како и другите соодветни институции на ЕУ, Европскиот парламент и Советот на Европа
- особено детално ќе се информираат претседавачите на ЕУ, односно ЕУ тројката
- социјалните партнери
- невладиниот сектор
- најшироката јавност

## Список на прилози

1. Државна програма за спречување и репресија на корупцијата
2. План за имплементација на Рамковниот договор
3. Оперативна програма за децентрализација на власта
4. Предлог Национална концепција за безбедност и одбрана
5. Матрица на ММФ
6. Матрица на PSMAC - СБ
7. План за реформа на зајакнување на ГС
8. NPAL 2003 + Progress report
9. Програма за поттикнување на претприемаштво
10. Национален Акционен план (UNHCR - миграција и азил)